Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневна настанки 17.10.2023

На 16.10.2023 во 16.30 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово *го лишиле од слобода* Ј.П. (27) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, бил пронајдена и одземена марихуана и две дигитални ваги. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него *ќе биде поднесена* соодветна пријава.

На 16.10.2023 околу 20.40 часот на патот с.Стојаково-Богданци, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија го лишиле од слобода Д.Д.(41) од Скопје. При прегледа во товарно возило „сканија" со светлинолоски регистарски ознаки со полуприколка, кое го управувал, биле пронајдени 63 лица мигранти, од кои 55 мажи, шест жени и две малолетни лица. По насоки од јавен обвинител, А.Д. бил задржан во полициска станица, а мигрантите биле сместени во приватно – транзитен центар во Гевгелија. По целосно документирање на случајот, против него *ќе биде поднесена* соодветна пријава.

Вчера (16.10.2023) околу 20.30 часот на улица „133" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово *лишиле од слобода* малолетник од Тетово. Тој бил затекнат при обид да одјаде патничко моторно возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, при што оштетил и друго возило со тетовски ознаки, паркирано во близина. Подоцна, кај малолетникот било пронајдено патничкото возило „опел астра" со тетовски ознаки, кое вчера (16 октомври) беше пријавено за одземено на улица „Борис Трајковски" во Тетово. Пронајдено возило му е вратено на сопственикот М.И.(63) од Тетово, а малолетникот е задржан во Полициската станица Тетово. Инаку, претходно во 13 часот и 35 минути малолетникот бил пријавен да неговата 44-годишна мајка дека се одалечил од дома.

Денеска (17.10.2023) во 00.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје *го лишиле од слобода* М.Р.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела гратчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 16.10.2023 околу 21.00 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово *ги лишиле од слобода* А.Х.(42) од Тетово. И.А.(38) од тетовско Теново и И.А.(56) од Гостивар затоа што кај них бил пронајден и одземен хероин. Тројцата се задржани во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени поднесоци.

На 16.10.2023 во 23.10 часот на ул.„Маршал Тито" во Кичево, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево *го лишиле од слобода* К.Р.(41) од с.Цررевци, кичевско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.10.2023 на ул.„Народни херои" во Битола, полициски службеници од Полициската станица од ошта надлежност и Полициската станица за безбедност на сообраќајот при СВР Битола *ги лишиле од слобода* А.С.(32) и Д.А.(39), двајцата од Битола, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.10.2023 во 11.00 часот во ОВР Струга, Ч.М.(70) од Струга *пријавил дека пронашол* рачна бомба од Втората Светска Војна, при расчистувањe на стара паднати куќа во неговиот двор. Експлозивната направа била подигнатa од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување Битола за понатамошна постапка.

На 16.10.2023 во 09.15 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници *приведе* едно лице затоа што при контрола и проверка било констатирано дека австралијската патна исправа, која ја дал на увид, била фалсифицирана. Со него бил извршен службен разговор и било утврдено дека бил од Палестина и кај него не бил пронајден никаков друг документ. Се работи на расчистување на случајот.

Во текот на вчерашниот ден (16.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 2741 возач. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 124 возила *ја пречекореле* брзината во населено место, а 117 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (16.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 173 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 31 санкција, 10 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, девет мерки за користење на мобилен телефон при управување возило...

На 16.10.2023 во 17.47 часот во СВР Битола било *пријавено дека* на ул.„Партизанска" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со британски регистарски ознаки, управувано од П.К.(20) од Битола и патничко возило „мерцедес" со британски регистарски ознаки, управувано од Н.Ѓ.(19) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобили Г.Ѓ.(57) од Битола, сопатник во возилото „мерцедес", а со телесни повреди се здобиле возачот П.К. и сопатникот во неговото возило, С.К.(21) од с.Велгошти, охридско. Увид извршила екипа на СВР Битола.

На 16.10.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје било *пријавено дека* на автопатот Велес-Скопје, кај клучка Хиподром, патничко моторно возило „дачија логан" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ц.Д.(82) од Скопје, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобила сопатничката В.М.(75) од Скопје, *констатирани* во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.10.2023 во СВР Битола, Н.М.(34) од Битола *пријавил дека* на ул.„Широк сокак"во Битола бил каснат од куче скитник.

На 16.10.2023 во 19.00 часот во СВР Тетово, Г.П.(38) од Гостивар *пријавил дека* во паркот на улица „Кеј Вардар" во Гостивар неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 16.10.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.З.(72) од Скопје *пријавила дека* на ул.„Вера Радосављевиќ" во Скопје била касната од куче скитник.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје *поднесе* кривична пријава против Ш.І.(46) од с.Равен, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Пријавеното набавил фалсификувани хрватска патна исправа, лична карта и возачка дозвола и на 15.01.2023 при рутинска контрола *ги дал на увид* на полициски службеници. Притоа, било констатирано дека документите се фалсификат и било утврдено дека станува збор за пријавеното, кој во тој време бил во бегство од Казнено-поправната установа Затвор Идризово.

Отсекот за економски криминал при СВР Велес *поднесе* кривична пријава против И.К.(28) од Велес и Х.З.(28) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на пари". На 08.08.2023 во казино во Велес, пријавените пуштиле во оптег шест банкноти од по сто американски долари и ги размениле за денари, што било потврдено по извршено вештачење.

На 16.10.2023 во 11.30 часот на ул.„Даме Груев" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го *приведе* П.П.(34) од Охрид затоа што кај него биле пронајдени одземени два ножа. Против него е *поднесен* соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 16.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 14 во населено место и 2 надвор од населено место. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци, од кои, 7 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 4 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 8 за непропишо паркирање.

На 16.10.2023 во 16.05 часот на крстосница Богданци, полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и граничен надзор Стар Дојран забележаа патничко моторно возило „тојота" со бугарски национални ознаки и патничко моторно возило „ауди а8", во кои се превезувале мигранти. Во близина на с.Фурка, дојранско, возилата застанала и ги истоварале мигрантите, по што заминале. На место биле пронајдени четири лица мигранти (по двајца од Сирија и Палестина), а набрзо на влезот од с.Фурка било пронајдено возилото „тојота". За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од ОВР Гевгелија. Мигрантите биле спроведени во приватно-транзитен центар „Винојуг" – Гевгелија за понатамошна постапка и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.10.2023 во 09.10 часот во СВР Скопје, 47-годишна жена од Скопје, наставничка во средно училиште во Скопје, *пријавила дека* на работното место, Д.Б. (родител на ученичка во училиштето) *и упатил закани*. Се *преземаат мерки* за расчистување на случајот.

На 16.10.2023 во 20.52 часот во СВР Скопје било *пријавено дека* во с.Маркова сушица, скопско, пред викенд куќа на Д.Д.Б.(34) од Скопје настанал пожар во неговото патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки. Д.Д.Б. и уште неколку лица го изгаснале пожарот, а повредени лица нема. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје.

На 16.10.2023 во 15.45 часот во СВР Скопје, од ЗУ - Специјализирана болница за рехабилитација и палијативна медицина Скопје *пријавено дека* кај нив починал М.Г. (55) од Скопје, осуденик кој издржува 15 - годишна затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Идризово. Според *пријавеното*, поради влошена здравствена состојба во 12.00 часот од затворот бил пренесен во заводот, каде што во 13.35 часот починал. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на одјукција.

На 16.10.2023 околу 15.50 часот во СВР Куманово било *пријавено дека* на крстосница од регионалниот пат Куманово-Свети Николе, кај с.Доброшане, кумановско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фолксваген туран" со британски национални ознаки, управувано од А.М.(31) од с.Доброшане и моторот „хонда" со скопски регистарски ознаки, управуван од И.А.(50) од Скопје. Во несреќата со повреди се здобил мотоциклистот, *констатиран* во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Куманово.

На 16.10.2023 во 21.27 часот во СВР Скопје, С.Ц.(43) од Скопје *пријавил дека* на подрачјето на Бит Пазар, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од И.С.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.10.2023 во 09.25 часот во СВР Скопје, 41 - годишна жена *пријавила дека* на 15.10.2023 во домот на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот сопруг А.А.(44) од Скопје, кој потоа физички го нападнал и нивниот 18 - годишен син. Се *преземаат мерки* за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга *поднесе кривична пријава* против К.Л.(52) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 10.05.2023 на ул.„Владо Малески" во Струга, полициски службеници извршиле *преглед* на *пријавениот*, при што пронашле и одземле кокаин.

СВР Штип *поднесе кривична пријава* против А.С.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 20.04.2023 во Штип, полициски службеници извршиле *претрес* во домот на *пријавениот*, при што пронашле и одземле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе *поднесе кривична пријава* против Б.М.(18) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 11.10.2023, полициски службеници извршиле *претрес* во домот на *пријавениот*, при што пронашле и одземле марихуана и таблети метилен-диоксиметамфетамин (MDMA).

На 16.10.2023 во 19.30 часот во СВР Скопје, З.М.(47) од Скопје *пријавил дека* на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се *преземаат мерки* за расчистување на случајот.

На 16.10.2023 во 14.15 часот во СВР Скопје, Љ.Ф.(66) од с.Глувово, скопско, *пријавил дека* околу 12.00 часот во село Глувово, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од С.Б.(44). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.10.2023 околу 03.30 часот во СВР Скопје од СОС Детско Село било *пријавено дека* од установата се одалечиле нивните штитеници Л.З.(17) и Ц.Д.(16) и М.П. (16). Се *преземаат мерки* за пронаоѓање на лицата.

На 16.10.2023 во 10.45 часот во Полициската станица Карпош М.М.(74) од Скопје, *пријавила дека* во населбата Блае била касната од куче скитник.

СВР Тетово *поднесе кривична пријава* против пет малолетници од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 22.06.2023 на улица „113" во Тетово, *пријавените* физички го нападнале П.А.Т. од Тетово.

СВР Скопје *поднесе кривична пријава* против С.А.(29) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 25.07.2023 во село Сарај, полициски службеници извршиле *претрес* на патничко возило „ауди", во кое сопатник бил *пријавениот*, при што кај него биле пронајдени и одземени 49 куршуми калибар 7,62 мм.

СВР Скопје *поднесе кривична пријава* против Р.Д.(25) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 30.04.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле *преглед* на патничко возило „бмв", управувано од *пријавениот*, при што пронашле и одземле пиштол „Heckler&Koch" со калибар 9 мм и рамка со четири куршуми калибар 9 мм.

СВР Куманово *поднесе кривична пријава* против Н.А.(42) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена должност и овластувања". На 2021, *пријавениот* без одобрение за градба, извел градежни работи и изградил градба на државно земјиште, за што од овластен градежен инспектор бил изготвен записник за инспекциски надзор и е изготвен решение за отстранување на градбата. Второпријавената, како советник инспектор- овластен градежен инспектор во Одделение за инспекциски надзор во урбанистичко градежна и комунална дејност, животна средина и уредителска туристичка дејност, не извршила инспекциски надзор како предметната градба која што се наоѓа на катастарската парцела припаѓа во реон на второпријавената.

СВР Охрид *поднесе кривична пријава* против С.Ј.(56) од село Латово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Во текот на 2022 година, *пријавениот* обезбедил лажна исправа-лиценца за приватно обезбедувачка која ја *приложил при вработување* во Агенција за обезбедување на имоти и лица, по што била доставена до Комора на РСМ за приватно обезбедувачки и издавање легитимација.

Сајт е изработен согласно со барањата на МВР и казни по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2)3112468 e-mouta: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Unet